Република Северна Македонија
ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА
КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ
Бр. 01 - 631/1
31. 08. 2022 год.
Скопје

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18, и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 12/20), и член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“, бр. 58/00, 44/02, 82/08 и 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19 и 110/19), и член 76 од Законот за класифицирани информации (*)(„Службен весник на Република Северна Македонија“, бр.275/19), в.д. директорот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, донесе:

П Р А В И Л Н И К
за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации

Член 1

Со овој Правилник се вршат измени и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, Бр.01-283/1 од 19.08.2016 година, како и Правилниците за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата Бр.01-283/7 од 29.09.2016 година, Бр. 01-70/2 од 31.01.2018 година, Бр. 01–188/1 од 20.03.2018 година, Бр.01-188/4 од 16.05.2018 година, Бр.01-186/2 од 13.03.2019 година, Бр.01-186/6 од 22.04.2019 година, Бр.04-186/12 од 18.07.2019 година, Бр.01-186/16 од 06.12.2019 година, Бр.01-294/3 од 09.12.2020 и Бр.01-8/1 од 05.01.2021година, Бр.01-559/1 од 28.05.2021 година и Бр. 01-311/1 од 08.04.2022 година.

Член 2

Во член 13 Надвор од секторите, во Одделение за управување и развој на човечки ресурси, кај работното место под реден број 45, раководител на Одделение и шифра УПР 0101 Б04 000, во делот „Вид на образование“ зборовите „науки за книжевноста“ се заменуваат со зборот безбедност.

Член 3

Овој Правилник влегува во сила од денот на неговото донесување, а ќе се применува по добиената согласност од Министерство за информатичко општество и администрација и неговото објавување на огласната табла во Дирекцијата.

в.д. ДИРЕКТОР
Стојан Славески

Изработил: Мери Спасиќ – Милковска_____

Контролирал: Тони Андреевски_____

Доставено до:

- МИОА
- Одделение за управување и развој на ЧР
- Архива на ДБКИ